ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:31-174/5**

**Дата: 28.06.2011**

**ДО**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ГЕОИНЖЕНЕРИНГ“ ТЕТОВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие „ Геоинженеринг ” Тетово (во натамошниот текст ЈП „Геоинженеринг “), за 2010 година.

Немаме извршено ревизија ниту е издаден било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на ЈП „Геоинженеринг“ Тетово за годините кои и претходат на годината предмет на ревизија.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи изразивме негативно мислење а за усогласеност со закони и прописи изразивме мислење со резерва.

Основната дејност на ЈП “Геоинженеринг„ Тетово е утврдување и наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште како и уредување на градежното земјиште. Надоместокот за уредување на градежно земјиште е еден од сопствените извори на приходи за финансирање на општините. Работите на утврдување и наплата на сопствените приходи ги врши општинската администрација. Во тој контекст за надминување на оваа состојба, Советот на Општина Тетово во декември 2009 година има донесено Одлука за престанување на функционирање на ЈП „Геоинженеринг” Тетово како општинско јавно претпријатие, а до конечното завршување на постапката претпријатието е должно да ги извршува тековните работи и да ги реализира тековните обврски. За спроведување на Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални

дејности на Општина Тетово за 2010 година е надлежна општината. Во очекување на реализација на Одлуката, јавното претпријатие нема изготвено и усвоено Програма за работа и развој на јавното претпријатие и не е изработен и донесен Годишен финансиски план за 2010 година.
За евидентирање на остварените приходи по основ на надомест за уредување на градежно земјиште кои се трансферирани на сметката на основен буџет на Општина Тетово, јавното претпријатие не спроведува конзистентна сметководствена политика што има влијание на утврдување на расходите во Билансот на приходи и расходи за 2010 година, нереални билансни позиции, нереално искажување на крајната состојба добивка /загуба и нереални финансиски извештаи.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи кои се прикажани на страните од 14 до 17 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на ЈП „Геоинженеринг" Тетово за 2010 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на успех, извештај за промени во главнината/капиталот и извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е извршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на ЈП „Геоинженеринг" Тетово за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Садик Беќири, директор во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.03.2011 до 21.04.2011 кај ЈП „Геоинженеринг” Тетово од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со директорот и раководните лица на субјектот на 19.04.2011 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор 31-174/3 од 26.05. 2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Интерни контроли во процесите

3.1.1. При оценка на интерните контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица, што не е во согласност со член 6 и член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, односно раководителот на субјектот е должен да воспостави систем на внатрешна контрола, назначи одговорни лица за ех анте и ех пост финансиска контрола обезбедувајќи соодветна поделба на должностите.
Причина за овие ризици е следното:

- во Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на вработените во ЈП не се јасно разграничени надлежностите и одговорностите на вработените, пропишани со попис и опис на работните места , и
- не се донесени пишани процедури за движење на документацијата, контрола, потврдување и обезбедување на комплетна документација при плаќањата на набавени добра, извршени услуги и работи.

Одделението за внатрешна ревизија при општина Тетово во текот на 2009/2010 година нема извршено ревизија на работењето на субјектот.

Воспоставувањето на контролни системи овозможува извршување на активностите на транспарентен, регуларен, економичен, ефикасен и ефективен начин, а невоспоставената внатрешна контрола создава ризик од плаќања по некомплетна документација и повисоки расходи.

3.1.2. При оценка на интерните контроли кај процесот на утврдување и наплата на приходите по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште за чие администрирање во 2010 година е надлежно јавното претпријатие, утврдивме постоење на ризик од нецелосно и неточно утврдување на приходите поради следното:

- директорот нема донесено пишани процедури со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените во јавното претпријатие при утврдувањето, наплатата и контрола на пресметките за утврдување на надоместокот за уредување на градежно земјиште, и
- при утврдувањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште не секогаш се изготвуваат детални пресметки од страна на одговорните лица кои ќе ги содржат сите потребни елементи на кој начин пресметката би била јасна и комплетна.

Невоспоставените контроли создаваат ризик од нецелосно, ненавремено утврдување и грешки во пресметките на приходите што ги утврдува и наплатува јавното претпријатие.

**3.2. Усогласеност со закони и прописи**

3.2.1. Основната дејност на ЈП "Геоижинеринг„ Тетово е утврдување и наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште како и уредување на градежното земјиште. Надоместокот за уредување на градежно земјиште е еден од сопствените извори на приходи за финансирање на општините. Согласно член 16 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, работите на утврдување и наплата на сопствените приходи ги врши општинската администрација. Во тој контекст за надминување на оваа состојба, Советот на Општина Тетово во декември 2009 година има донесено Одлука за престанување на функционирање на ЈП „Геоинженеринг" Тетово како општинско јавно претпријатие, бидејќи согласно законската регулатива, утврдувањето и наплатата на надоместокот за уредување на градежно земјиште и уредувањето на градежното земјиште е исклучиво во надлежност на општината. До конечното

завршување на постапката на преземање на имотот и вработените на ЈП „Геоинженеринг" од страна на основачот Општина Тетово, претпријатието е должно да ги извршува тековните работи и да ги реализира тековните обврски. Во овој период претпријатието не смее да презема нови обврски, односно да распишува тендери за нови јавни набавки. За спроведување на Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални дејности на Општина Тетово за 2010 година е надлежна општината. Во функција на операционализација на Одлуката Општина Тетово има донесено нов акт за организација и систематизација на работите и работните задачи. Согласно Одлуката дел од средствата остварени од наплатата на надоместокот за уредување на градежното земјиште во текот на 2010 година трансфериран е на сметката основен буџет (630) на Општина Тетово. Со оваа Одлука не е определен лимитот на средства за тековно работење на јавното претпријатие во однос на вкупните приходи.

**Препорака**
Градоначалникот на Општина Тетово и Советот да преземат мерки да ја операционализираат Одлуката како би се создале услови за нормално функционирање и реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште.

3.2.2. ЈП „Геоинженеринг" Тетово за 2010 година нема изготвено и усвоено Програма за работа и развој на јавното претпријатие, не е изработен и донесен Годишен финансиски план, што не е во согласност со член 11 точка 7 и член 30 од Законот за јавни претпријатија. Причина за оваа состојба според надлежните е донесувањето на Одлуката за престанување на функционирање на јавното претпријатие. Ефект од оваа состојба е неможност за реално планирање на сите приходи, расходи на јавното претпријатие и инвестициите со динамиката на нивно реализирање.

3.2.3. При увид во интерните акти, овластувања и активности кои надлежните органи на управување на јавното претпријатие ги имаат донесено и реализирано, ревизијата утврди дека:

- не е склучен менаџерски договор меѓу Директорот на јавното претпријатие и Градоначалникот на општината, за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата, што не е во согласност со член 24 од Законот за јавни претпријатија;
- надзорниот одбор за контрола на ЈП „Геоинженеринг" Тетово во текот на 2010 година се состанал само два пати што не е во согласност со одредбите од член 28 став 5 од Законот за јавните претпријатија, каде е утврдено дека Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно за што прима месечен надомест. До Министерството за финансии

и Министерството за транспорт и врски не доставил свое мислење за извештајот за прегледот на годишните сметки заедно со извештајот за работењето на јавното претпријатие, што не е во согласност со одредбите од член 28 став 4 од Законот за јавните претпријатија, и

- исплатата на месечните паушали на претседателот и членовите на Управниот одбор и Одборот за материјално финансиска контрола на ЈП „Геоинженеринг" Тетово се врши по одлуки донесени од Управниот одбор во 2007 година, без да ги разгледа и одобри Советот на Општина Тетово што не е во согласност со член 36 од Законот за локална самоуправа.

Непочитување на законските одредби од Законот за јавните претпријатија и Законот за локалната самоуправа придонесува за намалена транспарентност во работењето на претпријатието и ограничен увид во состојбата на претпријатието од страна на основачот на претпријатието и надлежните институции.

3.2.4. При увид во Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални дејности на општина Тетово и активности кои одговорните лица на јавното претпријатие ги имаат реализирано при утврдувањето и наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште, ревизијата утврди дека:

- Советот на Општина Тетово од 01.09.2007 година до денот на ревизијата ги нема ажурирано утврдените висини на надоместокот за уредување на градежно земјиште, кои се утврдени по зони за подрачјето на град Тетово и за населени места во Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални дејности на Општина Тетово. При тоа, трошоците за уредување на градежно земјиште кои треба да се утврдат во согласност со реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденост на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура, во просек се пониско утврдени во однос на другите општини во Републиката што не е во согласност со член 2 и 3 од Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување, и
- при пресметување на надоместокот за уредување на градежно земјиште за градежни парцели кои се на границите на градежниот реон одреден со ГУП, а за кои се уште не е изработен ДУП или е во фаза на изработка, надоместокот се пресметува по цени утврдени за градење во населените места лоцирани надвор од градот (Голема Речица, Фалише, Сараќино, Порој и Џепчиште), што резултира со помалку наплатени приходи по овој основ и

ставање на инвеститорите во нерамноправна состојба, имајќи ги при тоа во предвид атрактивноста на локацијата и степенот на уреденост со комунални објекти.

Горенаведените состојби придонесуваат за постоење на ризик од нереално утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, што влијае на износот на побарувањата и приходите на јавното претпријатие и Општината по овој основ.

**Препорака:**
Советот на Општина Тетово да ја преиспита утврдената висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште со Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални дејности, со цел да се обезбедат средства за покривање на реалните трошоци при уредување на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура по одделни населби и улици во градот Тетово.

3.2.5. При ревизијата на приходите по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште, утврдено е плаќање на рати при што во склучените договори на инвеститорите со јавното претпријатие не е предвидено обезбедување на инструменти за обезбедување на плаќањето, а одобрението за градење од страна на надлежните органи во Општина Тетово се издава веднаш по плаќањето на првата рата. Ваквиот начин на работење не е во согласност со член 59 од Законот за градење и создава ризик од помалку наплатени приходи во корист на ЈП „Геоинженеринг" Тетово и буџетот на Општина Тетово.

**Препорака:**
При плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати во Програмата за уредување на градежно земјиште да се утврди ратите да бидат обезбедени со инструмент за обезбедување на плаќањето (банкарска гаранција или хипотека).

3.2.6. Извршениот попис за 2010 година не е во согласност со членот 10 и 13 од Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба поради тоа што:

- со пописот е утврдена состојбата на опремата и ситниот инвентар на лице место, односно во пописните листи се наведени називот на основните средства, набавната вредност, количината и инвентарниот број, без да се впише акумулирана исправка, амортизација и сегашна вредност на основните средства;

- не е извршен попис на обврските спрема добавувачите и на побарувањата од купувачите (изготвен е преглед на салда), односно не е утврдена правната основа за постоење и старосната структура на истите.

Ваквиот начин на постапување и непреземање на потребни активности и мерки за спроведување на целосен и квалитетен попис придонесува за постоење можност од нереално прикажување на средствата, нереални финансиски извештаи и влијае на квалитетот на информациите за корисниците кои ги даваат финансиските извештаи.

3.2.7. ЈП „Геоинженеринг" Тетово за најголем дел од работите за градење за надзор во текот на 2009 година има одредено лице со соодветна стручна спрема од редот на вработените, (освен при изградба на две градби за кој е определен надзор (правно лице) од Општина Тетово.
Ова не е во согласност со одредбите на член 28, точка 13 и член 29 од Законот за градење. Изборот на надзор треба да се врши со постапка согласно Законот за јавни набавки од редот на лиценцираните субјекти. Ваквото постапување го зголемува ризикот од извршување на работи и работни задачи од лица кои не се носители на соодветна лиценца и може да има влијание на квалитетот и навременоста на градбата.

3.2.8. На сметката Други трошоци евидентирани се трошоци за кои не се обезбедени дел од документите предвидени со Законот за градење и тоа:

- не е изготвен записник за примопредавање, извршен технички прием и издадено одобрение за употреба за објектите: изградба на дел од улица, атмосферска и фекална канализација во УБ 81, изградба на фекална канализација на дел од улица „Сами Фрашери", изградба на дел од партерот на улица „Штипска" УБ 99 и изградба на дел од партерот (паркинг) 1 ва фаза Блок 70 УБ 74 , и
- не е изготвен записник за вградување на дел од набавен материјал: тампон, песок и бехатон плочки за локација н.м „Расадиште".

Нецелосната примена на Законот за градење создава ризик од неисполнување на сите обврски кои произлегуваат од склучените договори со изведувачите и од можност за незаконско работење.

**3.3. Финансиски извештаи**

3.3.1. На ставката Услуги за одржување и заштита евидентирани се расходи за поправка и сервисирање на возила во вкупен износ од 221 илјади денари, за што не

постои комплетна документација (работен налог и записник за извршената услуга како поткрепа за основот и веродостојноста на овие исплати). Евидентирањето на трошоци непоткрепени со веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи не е во согласност со член 472 од Законот за трговски друштва и создава можност за зголемени трошоци, погрешно проценување на билансните позиции, а со тоа и до изготвување на нереални финансиски извештаи.

3.3.3. Постојаните средства во Билансот на состојба во износ од 5.646 илјади денари се нереално и необјективно прикажани поради следното:

- нема пресметано годишна ревалоризација на материјалните средства за 2010 година;
- за дел од опремата и канцеларискиот инвентар пресметаната амортизација е со стапки кои не се усогласени со стапките за отпис од Номенклатурата на средствата за амортизација, и
- не изградени соодветни сметководствени политики за евидентирање на материјалните средства и материјалните средства во подготовка .

3.3.5. ЈП „Геоинжинеринг " нема конзистентна сметководствена политика за евидентирањето на трошоците во 2010 година. Остварените приходи по основ на надомест за уредување на градежно земјиште во износ од 70.000 илјади денари се трансферирани на сметката на основен буџет (630) на Општина Тетово. За износ од 50.000 илјади денари ЈП„Геоинженеринг" има евидентирано расходи за тековната 2010 година, а за износ од 20.000 илјади денари однапред платени трошоци кои немаат влијание на резултатот од работењето за 2010 година. Ваквото постапување е спротивно на Меѓународните сметководствени стандарди и придонесува до нереални билансни позиции, нереално искажување на крајната состојба добивка /загуба и нереални финансиски извештаи.
Согласно точка 22 од Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи, ефектите од трансакциите и другите настани се признаваат тогаш кога ќе настанат и тие се евидентираат во сметководствената евиденција и се вклучуваат во финансиските извештаи во периодите за кои се однесуваат.

### 3.4. Користење на средствата согласно законските прописи

3.4.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во 2009 година во ЈП „Геоинженеринг" Тетово, кои имаат влијание на финансиските извештаи за 2010 година, ревизијата утврди не применување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од обласста на јавните набавки во делот на заедничките одредби за постапките за доделување на договор за јавни набавки, доделување на договор за работа и тоа:
- нема изјави за постоење/непостоење на судир на интереси потпишани од

членовите на комисијата за јавни набавки, што не е во согласност со член 173 став 11 од Законот за јавни набавки;
- при спроведување на постапките за доделување на договор за јавна набавка кај дел од отворените постапки и барање за прибирање на понуди со објавување на оглас најчесто се користи критериумот економски најповолна понуда со елементите: цена, начин и рок на плаќање, квалитет и рок на извршување на работите. Пресметување на бодови има за елементот цена, начин и рок на плаќање, рок на извршување на работите, но не и за елементот квалитет. Во тендерската документација нема објаснување како ќе се вреднуваат и применуваат одделните поделементи кои го сочинуваат елементот квалитет, што не е во согласност со член 161 став 2, 3 и 4 од Законот и член 3 од Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови.

Елементот рок на плаќање јасно не е дефиниран во тендерската документација па така од страна на економските оператори во понудата обично се дава одложен рок на плаќање со формулација „во рок од х денови; одложено х денови или х денови„ што не е доволно прецизно да се изврши правилна евалуација и не е во согласност со член 32 став 2 алинеја 6 од Законот.

3.4.2. Во две постапки со отворен повик (изградба на ул.„ Благоја Тоска" и изградба на дел од партерот на блок 70 УБ 74), во тендерската документација предвидено е обезбедување на банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 10%, истата не е обезбедена од страна на економскиот оператор, што не е во согласност со член 48 точка 1 од Законот. Не обезбедување на гаранција за квалитетно извршување на договорот која треба да е со важност до целосно реализирање на договорот за јавна набавка го оневозможува договорниот орган во случај на неквалитетно извршување на работите да изврши наплата.

3.4.3. Кај две постапки со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас условите во склучените договори со избраните економски оператори не се исти со дадените во понудите, и тоа за:
- изградба на фекална канализација на дел од улица „Сами Фрашери" и реконструкција и изградба на улица кај сточен пазар од десна страна и изградба на фекална канализација во понудата рок на плаќање е наведен „240 дена по доставување на ситуација „ во договорот „плаќање во рок од 240 дена по доставување на времена ситуација „„ и
- изградба на дел од партерот во улица „Штипска" УБ 99 во понудата рок на плаќање е наведен „130 дена„„ во договорот „плаќање во рок од 130 дена по доставување на ситуација „.

3.4.4. За извршување на тековните работи на јавното претпријатие извршени се набавки во вкупен износ од 468 илјади денари без да се спроведат постапки за јавна набавка, што не е во согласност со Законот за јавни набавки, и тоа за:

- тековно одржување на хигиена, канцелариски материјал и инсталации на ЈП „Геоинженеринг” Тетово во износ од 247 илјади денари, и
- поправки, сервисирање и одржување на возила во износ од 221 илјади денари.

Причина за ова е погрешно толкување на донесената Одлука за престанување на функционирање на јавното претпријатие во која е определено јавното претпријатие да ги извршува тековните работи и да ги реализира тековните обврски, а не смее да презема нови обврски, односно да распишува тендери за нови јавни набавки.

Не спроведувањето на постапките за јавни набавки согласно законската регулатива создава можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен економски оператор и нетранспарентност при склучување на договорите.

## 4. Ревизорско мислење

Според наше мислење, поради ефектите на прашањата изнесени во точката 3.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈП „Геоинженеринг” Тетово на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.2., 3.3. и 3.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈП „Геоинженеринг” Тетово, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања на неизвесност

5.1. По предлог на ЈП „Геоинженеринг” Тетово како корисник на експропријација водени се вонпарнични постапки за определување на надоместок за експроприрана недвижност и тоа :

- против физичко лице со цел да се влезе во посед и владение на станбено-деловен објект за реализација на булевар „Илинденска“ во Тетово. Решението од судот е правосилно од септември 2009 година со кое се задолжува корисникот на експропријацијата ЈП „Геоинженеринг” Тетово сумата од 3.866 илјади денари да ја исплати на име надомест за експропријација. Физичкото лице ја одбегнува конечната реализација на правосилното решение, и

- за истата локација со вонпарнична постапка определен е надоместок за експроприрана недвижност во износ од 3.741 илјади денари, предметот е вратен на повторно одлучување пред Основен суд Тетово.

Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди, и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

5.2. ЈП „Геоинженеринг" Тетово се јавува како тужител против Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија Скопје, Подрачна единица Тетово за утврдување на право на сопственост на административно деловен простор, постапката е во фаза на вештачење.

Скопје, 27.06. 2011 година

## ЈП ГЕОИНЖЕНЕРИНГ

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | Образло-жениjа | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 96.485 | 86.905 |
| Останати деловни приходи | | - | 114 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | | **96.485** | **87.019** |
| Материјални трошоци | 3.2. | 82.206 | 72.799 |
| Трошоци за бруто плати | 3.3. | 7.377 | 8.364 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 3.4. | 469 | 376 |
| Останати оперативни трошоци | 3.5. | 1.525 | 2.258 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | | **91.577** | **83.797** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3.6. | 9 | 34 |
| Приходи од учества на вложувања | | | |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 3.7. | 64 | 1 |
| **ДОБИВКА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | | **4.853** | **3.255** |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **4.853** | **3.255** |
| **Данок од добивка** | 3.8. | 85 | **105** |
| **НЕТО ДОБИВКА** | | **4.768** | **3.150** |

ЈП ГЕОИНЖЕНЕРИНГ

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 4.1. | 153 | 2.752 |
| Побарувања по основ на продажба | 4.2. | 4.704 | 22.558 |
| Други краткорочни побарувања | 4.3. | 69 | 369 |
| Платени трошоци за идните периоди | 4.4. | 20.160 | - |
| **Вкупно тековни средства** | | **25.086** | **25.679** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални и материјални средства | 4.5. | 5.646 | 6.115 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **5.646** | **6.115** |
| **Вкупна актива** | | **30.732** | **31.794** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4.6. | 16.818 | 23.280 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 4.7. | 9.029 | 8.480 |
| Останати краткорочни обврски | 4.8. | 9 | 34 |
| Одложени плаќања на трошоци | 4.9. | 108 | 0 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **25.964** | **31.794** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Капитал | 4.10. | 5.381 | 5.381 |
| Нето добивка | 4.11. | 4.768 | 3.150 |
| Пренесена загуба | 4.12. | (5.381) | (8.531) |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **4.768** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **30.732** | **31.794** |

ЈП ГЕОИНЖЕНЕРИНГ

П Р Е Г Л Е Д

ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2010 ГОДИНА

| О П И С | Капитал | Акумулирана добивка | Непокриена загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | 5.381 | - | (8.531) | (3.150) |
| Добивка за финансиска 2010 год | - | 4.768 | - | 4.768 |
| Распределба на добивката за 20 | - | - | - | - |
| Ревалоризациона резерва за год | - | - | - | - |
| Распределба на ревалоризац. ре | - | - | - | - |
| Загуба за финансиска година | - | - | - | - |
| Покривање на загубата на терет | - | - | 3.150 | 3.150 |
| **Состојба 31.12.2010 година** | 5.381 | 4.768 | (5.381) | 4.768 |

ЈП ГЕОИНЖЕНЕРИНГ

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2010 ГОДИНА

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | 2010/2009 |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **4.768** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства | |
| Амортизација | 469 |
| **Готовински текови од работење** | **5.237** |
| Побарувања по основ на продажба | 17.854 |
| Побарувања од поврзани субјекти | - |
| Краткорочни финансиски вложувања | - |
| Други краткорочни побарувања | 300 |
| Платени трошоци за идните периоди | (20.160) |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | - |
| Залихи | - |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | - |
| Краткорочни обврски за хартии од вредност | - |
| Обврски спрема добавувачи | (6.462) |
| Примени аванси, депозити и кауции | - |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 549 |
| Краткорочни обврски од финансирање | - |
| Останати краткорочни обврски | (25) |
| Одложени плаќања на трошоци | 108 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(7.836)** |
| | |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | - |
| Капитал | - |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | - |
| | |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(2.599)** |
| | |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **2.752** |
| | |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **153** |

Образложенијата од страна 18 до 31 се составен дел на финансиките извештаи

Државен завод за ревизија

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*



*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________